# ЈАВЕН ПОВИК

**Рок за пријавување**
28.11.2025 во 23:59

**5-6** декември **2025**
**ФДУ** Скопје

## Работилница:
Креативни стратегии за мултимедијални и хибридни изведбени дела

Начин на пријавување: пријавете се со пополнување на онлајн формуларот ОВДЕ.

За време на оваа работилница ќе истражуваме креативни стратегии кои може да се употребат при создавање мултимедијални изведбени дела. Како ги вклучуваме различните медиумски перспективи во приказната? Работилницата ќе вклучи практично креативно истражување на теми како: како да ја развиеме драматургијата; како се однесува телото на изведувачот во средини на различни медиуми; како да се искомбинираат видеа и аудио снимки во живо со веќе снимени материјали и други.

Што е ново кога размислуваме за перформативноста во дигитални рамки? Како се преведува таа практично во телото на изведувачите, драматургијата и стратегиите? Како и зошто вклучуваме дигитални решенија во нашата работа? На кој начин овие два јазика се надополнуваат и се развиваат меѓусебно?

Работилницата е отворена за театарски уметници од различни дисциплини – актери, танчари, куклари, музичари, аудиодизајнери, видео дизајнери, режисери, драматурзи, дизајнери на светло, сценографи, костимографи и други, како и за сите студенти од факултетите за драмски уметности.

Бројот на учесници е ограничен.

peripetija THEATRE DRAMA FILM
Co-funded by the European Union
eho animato
Erasmus+

# Модератори

Колектив Ехо анимато – Ана Константиновиќ (режисерка)
и Марија Ковачина (монтажерка, видео и аудио дизајнер)
и онлајн разговор со: CultureHub NewYork.

Ехо анимато е колектив посветен на истражување во изведбените уметности и мултимедијалните практики, основан во Белград во 2011 година. Во нашата креативна работа настојуваме да создадеме простор за различни перспективи преку колаборативни процеси, овозможувајќи секој автор да го развие својот израз и уметнички јазик. Користиме мултимедијални и интердисциплинарни пристапи како средство за збогатување на начинот на кој ги истражуваме и толкуваме темите што нè интересираат.

**Ана Константиновиќ** е театарска режисерка и коосновач на колективот Ехо анимато (Белград). Дипломирала на Катедрата за театарска и радио режија на Факултетот за драмски уметности во Белград, каде што и докторирала со труд од областа на мултимедијалните перформативни дела. Од 2018 до 2023 година работела како кураторка и координаторка на едукативната програма во Народно позориште Белград.

Режирала театарски претстави, радио-драми, јавни читања, дигитални перформанси и кратки документарни филмови. Меѓу нејзините најзначајни дела се дигиталните перформанси: Mirror Glaze и Venoms in the Kitchen (LaMaMa e.t.c & CultureHub, Њујорк), театарските претстави: Story of a Mother (Мало позориште „Душко Радовиќ", Белград), In der Glaskugel (Kulturzentrum Pavillon, Хановер), The Tempest (Регионален театар Нови Пазар), I bei tempi и Home (Академија „Паоло Граси", Милано, Италија).

Како дел од колективот Eho animato, ко-продуцирала и режирала претстави како In a Blink (Tak Theater Berlin), Fragments of Disquiet (Народно позориште, Белград), The Best Intentions (Југословенска кинотека), Rosmersholm (Белградско драмско позориште), After the Play и The Glass Menagerie (Дом на млади, Белград) и други.

Во текот на својата кариера, учествувала на бројни работилници и меѓународни проекти, меѓу кои Terre Promesse / Bussole rotte (Милано, Италија), Europe Unlimited (Хановер, Германија) и Augenblick mal! (Берлин, Германија). Исто така, менторирала и модерирала младински театарски работилници, како и програми за млади театарски професионалци. Била една од менторите на работилницата за млади драматурзи „New Stages South East", меѓународен проект н аГете-институтот во 2021/2022 година.

**Марија Ковачина** е мултимедијален инженер и монтажер со фокус на аудио и видео постпродукција. Филмска и видео монтажа, звучен дизајн за филм, VJ-ing, музичка продукција и мултимедијалност во театарот се областите на нејзиниот интерес. Членка е на AES од 2012 година и на Berlinale Talents Alumni од 2017 година.

Нејзината филмографија вклучува документарни, уметнички и кратки експериментални филмови, прикажувани и наградувани на меѓународни фестивали.

Селективна филмографија: The Ways of the Heroes (Србија, Eho animato, 2023), dogs, moon river and Baudelaire (Србија, 2019), Then Comes the Evening (Србија, 2019, реж. Маја Новаковиќ), Ficus (Босна и Херцеговина, 2018, проект на Sarajevo City of Film), Big Leap (Босна и Херцеговина, 2018, проект на Sarajevo City of Film), A Steady Job (Србија, 2018, реж. Игор Тохољ), Vukica Djilas – Home Movies (Србија, 2015, реж. Слободан Шијан), Rzav the Great (Србија, 2015, реж. Иван Николиќ), Romeo and Juliet are Dead (2014, Обединето Кралство/Франција, реж. Helen Stewart) и други. Во рамки на колективот Eho animato, работела на изведби во живо (The Best Intentions, Fragments of Disquiet), дигитални перформанси (Downtown Variety: Serbia edition – Mirror Glaze, Venoms in the Kitchen) и на документарни филмови (серијата The Ways of the Heroes).



**5-6** December **2025**

# Faculty of Drama Arts

Application deadline:
November 28, 2025 at 23:59

**Workhsop:** Multimedia and Hybrid Performance – Creati

Application process: apply by filling out the online form HERE.

In this workshop we would explore creative strategies that could be used while creating a multimedia performance. How do we include different media perspectives in one story?

Workshop will include practical creative exploration of topics such as: how do we develop the dramaturgy, how does the body of a performer act in different media environments, how do we combine live video and audio with recorded materials and many others.

What is new in the way we think about performativity in the digital? How does it practically translate to performers bodies, dramaturgy and directing strategies? How and why do we incorporate evernew digital solutions in our work? How do these two languages develop each other?

Workshop is open to performers of all kinds – actors, dancers, puppeteers, musicians, audio and video designers, directors, dramaturges, light designers, set and costume designers and drama art students (any discipline).

The number of participants is limited.

# Moderators

Eho animato collective – Ana Konstantinović (director) & Marija Kovačina (editor, video and audio designer) and online talk with CultureHub New York.

Eho animato is a collective devoted to research in performing arts and multimedia practices, founded in Belgrade in 2011. In our creative work, we aim to provoke as many perspectives as possible through collaborative processes, supporting each artistic voice to be heard and developed. We employ multimedia and interdisciplinary approaches as a way to enrich the language in which we tackle the topics we explore.

**Ana Konstantinović** is a theatre director and a co-founder of the performing arts collective Eho animato (Belgrade). She holds a degree in theatre and radio directing from the Faculty of Dramatic Arts in Belgrade, as well as a Doctor of Arts degree from the same Faculty, focusing on multimedia performance. She was working as the curator and coordinator of the Education program at the National Theatre in Belgrade from 2018-2023. She has directed theatre performances, radio plays, public readings and digital performances, as well as short documentary films.

Some of her works include digital performances Mirror Glaze and Venoms in the Kitchen (LaMaMa e.t.c & CultureHub, New York), theatre performances Story of a Mother (Little Theatre Duško Radović, Belgrade), In der Glaskugel (Kulturzentrum Pavillon, Hannover), The Tempest (Regional Theatre Novi Pazar), I bei tempi and Home (Paolo Grassi Academy, Milan, Italy). As a part of the collective Eho animato, she co-produced and directed performances In a Blink (with Tak Theater Berlin), Fragments of Disquiet (with National Theatre in Belgrade), The Best Intentions (with Yugoslav Film Archive), Rosmersholm (with Belgrade Drama Theatre), After the Play and The Glass Menagerie (with Belgrade Youth Centre) and others.

Throughout her career she has taken part in numerous workshops and international projects, including Terre Promesse / Bussole rotte (Milan, Italy), Europe Unlimited (Hanover, Germany), Augenblick mal! (Berlin, Germany). She also mentored and moderated youth theatre workshops, as well as workshops aimed at young theatre professionals. She was one of the mentors of the emerging playwrights workshop New Stages South East, international project by the Goethe Institute in 2021/2022.

**Marija Kovačina** is a multimedia tech engineer and editor oriented towards audio andvideo post-production. Her main interests and fields of activity are film and video editing and sound design for film, VJing, music production and multimedia in theater. She has been a member of AES since 2012, and was a Berlinale Talents Alumni in 2017.

Her filmography includes documentaries, art and short experimental films, many of which were screened and awarded at international festivals.

Film selection: The Ways of the Heroes (Serbia, Eho animato, 2023), dogs, moon river and Baudelaire (Serbia, 2019), Then Comes the Evening (Serbia, 2019, dir. by Maja Novaković), Ficus (Bosnia and Herzegovina, 2018, Sarajevo City of Film project), Big Leap (Bosnia and Herzegovina, 2018, Sarajevo City of Film project), A Steady Job (Serbia, 2018, dir. Igor Toholj), Vukica Djilas – Home Movies (Serbia, 2015, dir. Slobodan Šijan), Rzav the Great (Serbia, 2015, dir. Ivan Nikolić), Romeo and Juliet are Dead (2014, UK/France, r. Helen Stewart) and others.
Within eho animato collective she worked on live performances (The Best Intentions, Fragments of Disquiet), digital performances (Downtown Variety: Serbia edition - Mirror Glaze, Venoms in the Kitchen) and documentaries (The Ways of the Heroes series).

This activity is implemented within the project **SCREEN – Skills for Cinema Resilience Enhancing European Networks**, co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union (KA210-VET).

peripetija THEATRE DRAMA FILM
Co-funded by the European Union
eho animato
Erasmus+